20250881945

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 58 став (2) од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21, 253/23 и 224/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 април 2025 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УПОТРЕБА НА ПАТ (ПАТАРИНА)

Член 1

Во Одлуката за висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на пат (патарина) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.118/19) членот 5 се менува и гласи:

„Висината на надоместокот за употреба на пат (патарина) во денари на делниците на кои се наплаќа патарина изнесува:

| Наплатна станица | Делница | КАТЕГОРИЈА НА ВОЗИЛА | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | IA | I | II | III | IV |
| | | МЕЃУСЕБЕН СООДНОС-КОЕФИЦИЕНТ МЕЃУ КАТЕГОРИИТЕ НА ВОЗИЛА | | | | |
| | | 0,60 | 1,00 | 1,50 | 2,70 | 4,00 |
| **Наплатна станица** | **Делница** | **ПАТАРИНА ВО ДЕНАРИ** | | | | |
| Романовци | Куманово – Миладиновци и обратно | 40 | 60 | 80 | 150 | 220 |
| Петровец | Скопје – Петровец и обратно | 20 | 40 | 50 | 100 | 150 |
| Сопот | Петровец – Велес | 50 | 80 | 120 | 220 | 330 |
| Отовица | Велес – Петровец | 50 | 80 | 120 | 220 | 330 |
| Стоби | Велес - Градско и обратно | 40 | 60 | 100 | 180 | 260 |
| Миладиновци | Скопје – Миладиновци и обратно | 20 | 40 | 60 | 100 | 150 |
| Тетово | Тетово - Гостивар и обратно | 20 | 30 | 40 | 80 | 110 |
| Гостивар | Тетово - Гостивар и обратно | 20 | 30 | 40 | 80 | 110 |
| Глумово | Скопје - Тетово и обратно | 20 | 40 | 60 | 110 | 160 |
| Желино | Скопје - Тетово и обратно | 20 | 40 | 60 | 110 | 160 |
| Демир Капија | Градско – Демир Капија и обратно | 50 | 80 | 130 | 230 | 340 |
| Гевгелија | Демир Капија – Гевгелија и обратно | 60 | 100 | 160 | 290 | 430 |
| Кадрифаково | Штип – Св. Николе и обратно | 30 | 50 | 80 | 150 | 220 |
| Преод | Св. Николе – Миладиновци и обратно | 40 | 70 | 100 | 180 | 270 |

Висината на надоместокот за употреба на пат (патарина) при готовинско плаќање во евра на делниците на кои се наплаќа патарина изнесува:

| Наплатна станица | Делница | КАТЕГОРИЈА НА ВОЗИЛА | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | IA | I | II | III | IV |
| | | МЕЃУСЕБЕН СООДНОС-КОЕФИЦИЕНТ МЕЃУ КАТЕГОРИИТЕ НА ВОЗИЛА | | | | |
| | | 0,60 | 1,00 | 1,50 | 2,70 | 4,00 |
| **Наплатна станица** | **Делница** | **ПАТАРИНА ВО ЕВРА** | | | | |
| Романовци | Куманово – Миладиновци и обратно | 0,50 | 1,00 | 1,50 | 2,50 | 4,00 |
| Петровец | Скопје - Петровец и обратно | 0,50 | 1,00 | 1,00 | 2,00 | 3,00 |
| Сопот | Петровец – Велес | 1,00 | 1,50 | 2,00 | 4,00 | 5,50 |
| Отовица | Велес - Петровец | 1,00 | 1,50 | 2,00 | 4,00 | 5,50 |
| Стоби | Велес - Градско и обратно | 0,50 | 1,00 | 2,00 | 3,00 | 4,50 |
| Миладиновци | Скопје - Миладиновци и обратно | 0,50 | 1,00 | 1,00 | 2,00 | 2,50 |
| Тетово | Тетово - Гостивар и обратно | 0,50 | 0,50 | 1,00 | 1,50 | 2,00 |
| Гостивар | Тетово - Гостивар и обратно | 0,50 | 0,50 | 1,00 | 1,50 | 2,00 |
| Глумово | Скопје - Тетово и обратно | 0,50 | 1,00 | 1,00 | 2,00 | 3,00 |
| Желино | Скопје - Тетово и обратно | 0,50 | 1,00 | 1,00 | 2,00 | 3,00 |
| Демир Капија | Градско – Демир Капија и обратно | 1,00 | 1,50 | 2,50 | 4,00 | 6,00 |
| Гевгелија | Демир Капија – Гевгелија и обратно | 1,00 | 2,00 | 3,00 | 5,00 | 7,00 |
| Кадрифаково | Штип – Св. Николе и обратно | 0,50 | 1,00 | 1,50 | 2,50 | 4,00 |
| Преод | Св. Николе – Миладиновци и обратно | 0,50 | 1,50 | 2,00 | 3,00 | 4,50 |

Член 2

Членот 7 се менува и гласи:

„Електронска наплата на патарина се врши преку припејд, постпејд и со поврзување на банкарска картица со уред за електронска наплата на патарина (таг).

Правните и физичките лица надоместокот за употреба на пат (патарина) можат да го плаќаат преку припејд модел со купување на безконтактни смарт картици или уред за електронска наплата на патарина (таг) во објектите на Јавното претпријатие за државни патишта каде се врши продажба и надополнување на безконтакни смарт картици и уреди за електронска наплата на патарина (таг), како и преку правни лица кои се овластени за продажба и дистрибуција на безконтакни смарт картици и уреди за електронска наплата на патарина (таг), со попуст до 10% на надополнетиот износ.

Правните и физичките лица надоместокот за употреба на пат (патарина) можат да го плаќаат преку постпејд модел за плаќање со уреди за електронска наплата на патарина (таг) кој се овозможува преку правни лица кои се овластени за продажба и диструбуција на овие уреди.

Корисниците на патот надоместокот за употреба на пат (патарина) можат да го плаќаат преку поврзување на банкарска картица со уред за електронска наплата на патарина (таг).“.

Член 3

Членот 8 се менува и гласи:

„Цената на безконтактните смарт картици изнесува 100 денари и минималниот износ за дополнување при купување е 500 денари. Износот за секое наредно надополнување не може да биде помал од 500 денари.

Со секое наредно надополнување на безконтактните смарт картици корисниците добиваат попуст од 2% на надополнетиот износ на патарина кој се пресметува при секое поминување на наплатна станица.“.

Член 4

Членот 9 се менува и гласи:

„Цената на еден уред за електронска наплата на патарина (таг) изнесува 1.200 денари и минималниот износ за дополнување при купување е 1000 денари. Износот за секое наредно надополнување не може да биде помал од 1000 денари.

Со секое наредно надополнување на уредите за електронска наплата на патарина (таг) корисниците добиваат попуст од 3% на надополнетиот износ на патарина кој се пресметува при секое поминување на наплатна станица.“.

Член 5

Членот 10 се менува и гласи:

„Доколку корисникот на патот – сопственик на возилото не ја плати патарината или на било кој начин одбива да го стори тоа, му се издава билет за ненаплатена патарина со налог за плаќање во рок од два дена од денот на издавањето на билетот.

Билетот за ненаплатена патарина со налог за плаќање се издава на наплатните станици на кои е воведен електронскиот систем за наплата на патарина. Корисниците на патот на кои им е издаден билет за ненаплатена патарина со налог за плаќање можат истиот да го платат на секоја сообраќајна лента на наплатните станици каде се врши продажба и надополнување на електронските уреди и на официјалната веб страница на Јавното претпријатие за државни патишта.

Доколку корисникот на патот не го плати издадениот билет во рокот определен во став 1 на овој член, на истиот ќе му биде издадена фактура за наплата по основ на ненаплатена патарина.”.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-4015/15
29 април 2025 година
Скопје

Претсетадел на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.